# Индустрија за чистење по договор

## УПАТСТВО ЗА РАБОТНИЦИТЕ

### Што е одмор за долга служба (long service leave)?

Одмор за долга служба е погодност што им е достапна на мнозинството работници во Нов јужен Велс, при што два (2) месеца платен одмор може да се земат после 10 години работа за истиот работодавец и еден (1) месец платен одмор за секое пет (5) години работа за истиот работодавец после првите 10 години.

### Зошто е индустријата за чистење различна?

Во индустријата за чистење не е вообичаено да се работи 10 години за ист работодавец. За да се обезбеди на вработените во индустријата за чистење да им е достапна слична погодност, воведена е програма за пренослив одмор за долга служба (portable long service scheme).

### Што е Long Service Corporation?

Long Service Corporation (LSC) е официјално тело на Владата за управување со програмите за пренослив (portable) одмор за долга служба на вработените по договор во индустријата за чистење и во градежната индустрија.

### Што значи пренослив одмор за долга служба ?

Тоа значи дека вашата евиденција за долга служба се базира на времетраењето на работење во индустријата за чистење на Нов Јужен Велс, без оглед за колку работодавци сте работеле додека сте извршувале работи на чистење што ги исполнуваат условите. Вашите права на одмор за долга служба ќе продолжат да се зголемуваат додека извршувате работи во индустријата за чистење што ги исполнуваат условите.

### Работа надвор од Нов Јужен Велс

Одвоени програми постојат во индустријата за чистење по договор во Квинсленд (QLD), во Територијата на главниот град на Австралија (ACT) и во Викторија (VIC). Ако работите во QLD, ACT или VIC, може да ги исполнувате условите за регистрирање во програма за одмор за долга служба во таа држава или територија. LSC може да го регистрира работењето во други држави или територии заради одржување на регистрацијата и пресметување на елементи за исплати за долга служба.

Забелешка: Законските одредби на програма не се однесуваат на земјиштето на Комонвелтот, па затоа работа преземена на земјиште на Комонвелтот или на место на Комонвелтот не може да биде регистрирана.

Затоа е важно да го проверите вашиот годишен извештај (Annual Statement) и да обезбедите дека вашите податоци за контакт се секогаш ажурирани.

### Колку тоа ќе чини?

Програмата е бесплатна за вработените на плата (wages), бидејќи придонесите ги плаќаат работодавците и изведувачите на работи (contractors) во индустријата.

### Кога можам да земам одмор?

#### Заминување од индустријата

Ако сте наполниле најмалку пет (5) години служба призната од страна на LSC и сте престанале засекогаш да работите во индустријата за чистење по договор, може да го пополните образецот Application for Payment - Permanently Ceasing Worker.

- Барање може да се поднесе откако минале 10 недели од трајното заминување од индустријата
- Ќе престанете да бидете работник регистриран во LSC ако поднесете барање на таа основа
- Данок ќе биде одбиен од вашата исплата според соодветната маргинална даночна стапка.

Останување во индустријата

Ако сте наполниле 10 години години служба призната од страна на LSC и сакате да земете одмор за долга служба, може да го пополните образецот Application for Payment - Staying in the Industry Worker.

- Мора да земете отсуство ако ги исполнувате условите од образецот за останување во индустријата
- Пред да ја поднесете вашата апликација, ќе треба да се договорите со вашиот работодавец кога ќе го земете одморот, а периодот на одмор мора да биде најмалку две (2) недели
- Ќе бидете платени само за бројот на недели одмор што сте ги зеле
- Данок ќе биде одбиен од вашата исплата според соодветната маргинална даночна стапка.

## Што треба да направам?

- Регистрација – Проверете дали вашиот работодавец ги има вашиот точен регистерски број, личната имејл адреса, телефонскиот број и адресата. На работодавецот му требаат тие податоци за да го пријави во LSC вашето работење.
- Ажурирајте ги вашите податоци за контакт – Ќе ви пратиме имејл со важни информации за вашата регистрирана служба. Проверете ги и ажурирајте ги вашите податоци онлајн на www.longservice.nsw.gov.au/online-portal
- Проверете го вашиот годишен извештај (Annual Statement) – Секоја година вашиот извештај ќе биде достапен онлајн и ќе ја прикажува вашата регистрирана служба. Проверете дали сета ваша работа на чистење е запишана во тој извештај.

## По што долгата служба (long service) се разликува од „superannuation“?

„Superannuation“ е пензиски фонд на ваше име во кој вашиот работодавец врши уплати. Подвижна долга служба (Portable Long Service) е општ фонд на средства инвестирани на име на сите вработени, а не директно вложени на сметка на ваше име. Кога ќе имате доволно години служба, може да поднесете барање, да земете одмор од вашата работа и да добиете исплата од нас.